**20130932231**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за тутун и тутунски производи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јули 2013 година.

Бр. 07-2646/1
1 јули 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ**

Член 1

Во Законот за тутун и тутунски производи ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2006, 88/2008, 31/10, 36/11 и 53/11), членот 50 се менува и гласи:

"За финансирање на активностите во примарното тутунско производство и за промоција на извозот, средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија."

Член 2

Членовите 52, 53, 54, 55 и 56 се бришат.

Член 3

Во членот 66 став 1 точката 25 се брише.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст од Законот за тутун и тутунски производи.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.



www.pravdiko.com